# КОН СПЕЦИЈАЛНИОТ БРОЈ НА *ПРИЛОЗИ* XLVI 2 НА ОЛЛН, МАНУ

*Одделението за лингвистика и литературна наука на МАНУ одлучи да го посвети овој број на списанието Прилози на проблематиката на науката за книжевност, со посебен акцент врз теоријата и методологијата на книжевноста, како и на книжевно-уметничкиот, есеистичкиот и научниот опус на академик Катица Ќулавкова.*

*Повод за оваа одлука е 70 годишнината од нејзиното раѓање: 21 декември 1951 и 50-годишнината од нејзината творечка дејност.*

*Во првото поглавје од Прилози XLVI 2 (2021) се застапени текстовите посветени на различни аспекти на современата теорија на книжевноста и компаратистика. Во вториот дел се вклучени текстови кои се однесуваат на есеистичкото, поетското творештво на Ќулавкова, вклучително и на нејзината куса поетска (онирична) фикција. Третиот дел содржи библиографски преглед на објавените книги и текстови на Катица Ќулавкова од сите жанрови, во периодот од 1971 до 2021 година.*

*Редакцијата на списанието Прилози им благодари на сите автори, колеги и колешки кои ја прифатија поканата да учествуваат со свои текстови во овој специјален број на Прилози на ОЛЛН.*

*Особена благодарност и до проф. д-р Наташа Аврамовска од Институтот за македонска литература, гостин уредник на овој број на Прилози.*

*Скопје, 8.11.2021*

*Редакцијата на*
*Прилози на ОЛЛН*